Уп. Бр. 08-04/2025

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18, и „ Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24) а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград, со седиште на адреса Тадије Сондермајера бр.5, 17, број стан 152, Белград, Република Србија, доставено преку Адвокатско Друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје, на седницата одржана на ден 09.01.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград, со седиште на адреса Тадије Сондермајера бр.5, 17, број стан 152, Белград Република Србија, има намера да стекне самостојна контрола над друштвото БЕН АИР ДОО, БЕЛГРАД (САВСКИ ВЕНЕЦ), Андре Николиќ бр.3., Белград, Република Србија по пат на купување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија" бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08,130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.
Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 29.11.2024 година, а дополното на 20.12.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград, со седиште на адреса Тадије Сондермајера бр.5, 17, број стан 152 ,Белград Република Србија, со која ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград, има намера да стекне самостојна контрола над друштвото БЕН АИР ДОО, БЕЛГРАД (САВСКИ ВЕНЕЦ), Андре Николиќ бр.3.,Белград Република Србија по пат на

купување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација ,дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о.** е основан на 6 март 2024 година во Република Србија за вршење на воздушен превоз на патници. Компанијата во моментот се уште е во фаза на подготовка за извршување на активности, така што не дава никакви услуги на трети лица, ниту пак остварува приходи.

ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. истовремено припаѓа на групацијата DELTA HOLDING, која е активна во Србија и регионот во голем број различни области на деловното работење, и на EL&MI Group, која исто така е активна во неколку различни области на деловното работење. Имено сопственик на 50% од уделите во ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград е АИРСТАР ДОО БЕЛГРАД (кој е дел од групацијата DELTA HOLDING), додека останатите50% удели се во сопственост на ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД.

ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград нема зависни друштва на територијата на Република Северна Македонија.

**DELTA HOLDING ГРУП,** компаниите од групацијата „Делта Холдинг“ ги извршуваат своите активности во областа на земјоделско производство, производство на храна, извоз, увоз и застапување на странски компании, дистрибуција на стоки за широка потрошувачка, продажба на автомобили, развој на недвижности и развој на нови технологии.

Делта Холдинг Груп ги реализира своите деловни активности преку пет организациски единици: Делта Аграр Груп, Делта преработка на храна, Делта недвижности групација, Делта дистрибуција и одделот за нови технологии.

Покрај на српскиот пазар, Делта Холдинг Груп е присутна и на голем број пазари во регионот и во Европската Унија.

Делта Холдинг Груп има зависни друштва во Република Северна Македонија и тоа:

Друштвото за производство, трговија и услуги АНАНАС МК ДОО Скопје, со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје,со регистрирана дејност – посредување во трговијата со разновидни производи и

Друштво за производство, трговија и услуги АНАНАС ШОП ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје со регистрирана дејност – трговија на мало преку пошта и интернет.

**ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД** е основано на 24 мај 2012 година. во Република Србија. Основна дејност е производство на електрична енергија (шифра на дејност: 35.11).

Има позиција на матична компанија во група на компании со сопственост на холдинг компанија во практична смисла. Во рамките на групацијата има повеќе компании

кои се занимаваат со различни економски дејности.

ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД во моментот не работи на српскиот пазар, имајќи предвид дека фирмата СОФТ ВАЈТ ДОО БЕЛГРАД, од групацијата ЕЛ&МИ, престана да ја врши дејноста превоз на патници во воздушниот сообраќај, а во 2024 г. немал никакви деловни активности.

ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД нема зависни друштва на територијата на Република Северна Македонија.

**БЕН АИР ДОО, БЕЛГРАД,** целното друштво е основано на 24 март 2009 година. во Република Србија.

Целното друштво нема зависни друштва на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Малинка Силјановска Николиќ**